НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ 2018

Реализирани активности во 2018 година

Реализација на 6тото издание на фестивалот ПРВО ПА ЖЕНСКО

Годинешното 6то по ред издание на Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО, во организација на Тиииит! Инк од Скопје, се оддржа од 3ти до 6ти мај во Скопје, во ЈУ Младински културен центар и Кино Култура, со поддршка од Министерство за култура на Република Македонија, Град Скопје и FRIDA Young Feminist Fund.

Програмски партнери на ПРВО ПА ЖЕНСКО годинава беа Младинскиот културен центар, фестивалот Млад отворен театар, Кино Култура, Пасворд продукција, Локомотива, ISKRA Tourbooking, ЛезФем и Колектив Ветерница. Со цел изработка и набавка на промотивните материјали за фестивалот, иницираме сорботка со претставниците на други дејности надвор од уметноста и културата. Дизајнот на овогодинешниот визуелен идентитет на Фестивалот, беше на Приватен Принт (Private Print), издавачка куќа од Скопје, посветена на уредување, создавање и поддршка на уметнички книги, уметнички и кураторски истражувачки проекти, уметнички текстови и останати сродни публикации. Дел од промотивните материјали, беа и изработките на Здружението „КРУШЕВСКА ЖЕНА", кое има за цел да ја намали сиромаштијата на жените и да ја зголеми инклузијата и родовата еднаквост преку јакнење на капацитети и поттикнување женско претприемништво.

Во четирите фестивалски денови Фестивалот понуди дискурзивна програма, изложби, перформанси, концерти и диџеј сетови, поетски слем, филмска проекција, театарска претстава, работилница за деца, промоција на книга, традиционалниот базар на ракотворби. Годинешното издание беше во знакот на работничките права и унапредувањето на истите, а преку сите фестивалски настани овозможи простор за размена на искуства и промислување на прашањата за неплатениот домашен труд, девалвирањето на трудот и достоинството на работничките, отпорот кон современите облици на експлоатација, но и простор за активните жени и нови иницијативи на културно-уметничката сцена. Промовирајќи разновидни културни и уметнички практики и естетики, Фестивалот поттикна учество на релевантни млади, но и веќе докажани уметници од различни дисциплини и културни работници од Република Македонија и странство, при што обрнавме внимание да се задржи програмски реципроцитет меѓу домашните и

странските учесници. Реализираните фестивалски содржини се наведени детално во продолжение на овој извештај.

03.05.

12.00 МКЦ Плато Дискурзивна програма - 3 блока разговори за **женската солидарност и социјалното претприемништво** (Драгана Каровска Чемерска (ХЕРА) и Јелена Вишњиќ (БеФем - Белград)), за работничките права на **текстилните работнички** (Кристина Ампева (Гласен текстилец) и Мила Царовска, Министерка за труд и социјална политика и за правата на **сексуалните работнички** (Наташа Бошкова (Коалиција Маргини) и Јасминка Ангелова од Министерство за внатрешни работи).

21.00 Официјално отварање: Кино Фросина, фоаје на кат Изложба: "Ćemo, ćemo … ja, ma kako ćemo?!" Božena Končić Badurina, Duga Mavrinac (Хрватска) и Nepraktične žene (Србија)

21.30 МКЦ плато Слем (ЛезФем)

04.05.

14.30 Џебно кино Работилница за деца (Колектив Ветерница)

19.00 Кино Култура Предавање (Локомотива): "Уметничките институции и еднаквоста во собирите" на Бојана Кунст (Словенија/Германија)

21.00 Кино Фросина Претстава (МОТ+): Кралици, БеоАрт

22.30 МКЦ Плато ДиЏеј сет на Ивана Драгшиќ

05.05.

14.30 Џебно кино Работилница за деца (Колектив Ветерница)

19.00 Кино Фросина, фоаје на кат Предавање/перформанс: Nepraktične žene (RS)

20.00 Кино Фросина Филмска проекција на документарниот филм "Сонување во капитализам" на Софи Бруне (Белгија) проследена со дискусија на која учествуваа Кумјана Новакова, Елизабета Шелева, Горан Јанев и Клементина Ристова.

22.00 МКЦ плато Концерт (ISKRA Tourbooking): Фосфен од Македонија, DIVES од Австрија, Replicunts од Србија.

06.05.

13.00 МКЦ плато ДиЏеј сет на Роберта Цветковска, Мартина Баракоска и Јана Тодоровска

13.00 бифе на кино Фросина Базар на ракотворби

14.30 Џебно кино Работилница за деца (Колектив Ветерница)

15.00 бифе на кино Фросина Кулинарска изложба "Неделниот ручек како (неплатен) репродуктивен труд"
17.00 МКЦ хол Презентација од работилницата за деца (Колектив Ветерница) + промоција на "Приказни за добра ноќ за бунтовни девојчиња"
20.00 Кино Фросина Перформанс: Како мојот живот стана културен работник - културните работници ја заземаат сцената - Билјана Тануровска Ќулавковски и Ивана Васева
21.30 Денсинг сала Концерт Password: Akua Naru

Благодарение на поддршка од централната и локалната власт, квалитетот и видливоста на Фестивалот беа значајно унапредени. Сите делови од програмата беа проследени од многубројната публика од најразлични возрасни групи. Иако природата на настанот не дозволува прецизно утврдување на бројот на посетителите, по слободна проценка, во текот на четирите денови, Фестивалот го посетија околу 1.000 посетители.

Согласно планираното, за време на Фестивалот беа фотографирани сите активности, по што фотографиите беа објавени на Facebook страната на организаторот
Ден 1
https://www.facebook.com/pg/Tiiiit.inc/photos/?tab=album&album_id=1876691105698398
официјално отворање
https://www.facebook.com/pg/Tiiiit.inc/photos/?tab=album&album_id=1878731068827735
Ден 2
https://www.facebook.com/pg/Tiiiit.inc/photos/?tab=album&album_id=1879768065390702
Ден 3
https://www.facebook.com/pg/Tiiiit.inc/photos/?tab=album&album_id=1879827115384797
Ден 4
https://www.facebook.com/pg/Tiiiit.inc/photos/?tab=album&album_id=1880714341962741
а беше изработено и видео, кое е достапно на YouTube каналот на организаторот
https://www.youtube.com/watch?v=TXalmM-fg5M&feature=youtu.be

Со вклучување на Фестивалот за феминистичка култура и акција *Прво па женско* во годишната програма за финансирање интердисциплинарни проекти од национален

интерес во културата, Министерството за култура на РМ го поддржа препознавањето, континуираното следење и вреднување на активна женска сфера во Македонија – активноста и делата на независните уметници и уметнички колективи оформени од жени и на актерките од независната културна сцена, како и поттикнувањето истите на поактивна и проактивна соработка и вмрежување за што фестивалот веќе неколку години е ретка можност. Дополнително Министерството го поддржа одржувањето на овој слободен, инклузивен простор за унапредување на позитивниот став кон активноста на оние кои јавно го поставуваат женското прашање и дејствуваат во насока на подобрување на политиките кои во фокусот ја имаат жената во услови во кои во заедницата сé уште постои ограничено разбирање на нивната важност за демократските општества. Вклучувањето на фестивалот Прво па женско во годишната програма за финансирање интердисциплинарни проекти од национален интерес во културата, беше суштествена како за јакнење на организацијата и на Фестивалот, така и за промовирање на исклучтелно важните општествени теми кои тој ги отвара. Се надеваме дека овие искуствата ќе ни овозможат да ја продолжиме соработката со Министерството, кое го препознаваме како природен партнер на фестивалот, и дека ќе прпдолжиме да планираме и креираме заеднички активности и во иднина.

Учество на музичкиот фестивал Д Фест - Дојран

На покана од организаторот Пасворд Продукција, фестивалот ПРВО ПА ЖЕНСКО имаше свое претставување во рамки на програмата ПлоштАрт на музичкиот фестивал Д Фест во Дојран, кој се оддржа од 6ти до 8ми јули во Дојран. Покрај промоцијата на Фестивалот, реализиравме серија разговори за позицијата на жената во музичката индустрија. Во дебата учествуваа Теја Васиљевиќ од групата YOU, Мартина Бараковска од групата Дупер и Ерик Омерагиќ, член на групите Палиндром, YOU и SPETИ. Земајќи ја предвид популарноста на овој летен фестивал, оваа активност несомнено придонесе кон бројноста и проширувањето на публиката на идните изданија на ПРВО ПА ЖЕНСКО.

Учество на средбата на организациите-грантисти на FRIDA Young Feminist Fund од Централна и Источна Европа, Кавказ, Централна и Северна Азија

На покана на донаторот FRIDA Young Feminist Fund, Тиииит! Инк. учествуваше на средбата на организациите грантисти на FRIDA, од Централна и Источна Европа, Кавказ, Централна и Северна Азија, која се одржа во Тбилиси, Грузија од 22 до 24 септември, 2018. Целта на состанокот беше заедничко развивање регионални и суб-регионални стратегии за отпор, поддршка и интер-регионална солидарност; утврдување можности за соработка и заедничко иницирање движења за промена и споделување на вештини и искуства меѓу партнерите и советничките.

Учество на фестивалот за современи уметности MESTO ZENSK во Љубљана

На покана на организаторот, Асоцијацијата за промоција на жените во културата МЕСТО ЖЕНСК од Љубљана, Тиииит! Инк. Беше гостин на 24тото издание на Фестивалот за современи уметности МЕСТО ЖЕНСК, од 4ти до 8ми октомври во Љубљана. Покрај можноста да се проследи висококвалитетната програма на овој феминистички фестивал со најдолга традиција на Балканот, заедно со организацијата-домаќин, платформта Outlandish Theatre од Даблин, Ирска и Просторот за родова и медиумска култура К Зона од Загреб, Хрватска работевме на развивање на проект за меѓународна соработка во областа на културата со кој во декември 2018 аплицираме на повикот Creative Europe - Culture- Cooperation projects | EACEA на Европската комисија.

Учество на фестивалот за феминистичка култура и акција BeFem во Белград

На покана на организаторот, Тиииит! Инк. Беше гостин на 9тото издание на Фестивалот за феминистичка култура и акција BeFem на 1ви и 2ри декември во Белград. Покрај проследувањето на програмата фокусирана на женскиот активизам, учеството на Фестивалот беше искористено за зајакнување на постоечките и проширување на контактите со организациите од регинот кои работата во областа на женските права и родвата еднаквост.